ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА
НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE
TË KAFSHËVE ENDACAKE LLAJKА
Бр.-Nr. 03-865/1
01.04. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЛАЈКА
LAJKA

Јавно претпријатие ЛАЈКА – Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за 2024 за работењето на ЈП ЛАЈКА СКОПЈЕ

Скопје, март 2025

Врз основа на чл. 19 став 2 точка 4 од Законот за јавни претпријатија, (Сл.весник на Р.М. бр.38/96.....89/22), чл.26 од Статутот на ЈП Лајка Скопје, Управниот одбор на ЈП Лајка Скопје на седницата одржана на ден ------------------------година, усвои:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**За работа на ЈП ЛАЈКА СКОПЈЕ**

**за 2024 година**

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Целосниот назив гласи: Јавното претпријатие за благосостојба на животни скитници ЈП ЛАЈКА Скопје.

Кратко име: ЈП Лајка Скопје.

Матичен број: 7345178

Даночен број: 4043019526459

Адреса: ул. Никола Стефановски бр.2, Гази Баба Скопје

## ОСНОВАЊЕ

Со Одлука на Советот на Град Скопје, број 27-1959/1 од 28.02.2019 год., започната е процедурата за формирање на Јавното Претпријатие за благосостојба на животни скитници ЈП ЛАЈКА Скопје. Уписот во ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, е спроведен на 28.02.2019 год., под број 0805-50/150120190062854.

## ДЕЈНОСТ

Заради остварување на својата дејност Претпријатието ги врши следните активности:

-континуирано, организирано и квалитетно заловување на бездомните кучиња;

-времено сместување во прифатилишта и обезбедување соодветна заштита на бездомните кучиња;

-контрола на популацијата на бездомните кучиња;

-редовно хранење и напојување, како и ветеринарно медицинскитретман на бездомните кучиња на подрачјето на градот Скопје, на начин утврден со закон или друг акт.

ЈП Лајка Скопје, согласно националната класификација на дејности и тоа:

01.49- Одгледување надругиживотни

75.00 – Ветеринарни дејности

01.62 – Помошни дејности за одгледување на животни

96.09 - Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Заради вршење на основната дејност од јавен интерес од локално значење за градот Скопје, утврдени во Статутот на јавното претпријатие за благосостојба на животни скиници ЛАЈКА Скопје, а врз основа на групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, во Претпријатието се образуваат сектори и одделенија.

1. **СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ**

-Одделение за општи, правни работи и управување со човечки ресурси
- Одделение за финансии и сметководство

2. **СЕКТОР ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ**

- Одделение за медицински третман на бездомни животни
- Одделение за хуман третман на бездомни животни

## ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

### Орган на раководење

Орган на раководење е законскиот застапник на Претпријатието е Директор/в.д Директор, кој согласно одредбите на член 23 од Законот за Јавните претпријатија го именува Градоначалникот на Град Скопје.

### Орган на управување

Орган на управување на Јавното претпријатие Лајка Скопје е Управен одбор, формиран со Одлука за именување на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие Лајка Скопје заведено под број Одлука 27-11899/7 од 29.12.2021 година, од страна на Совет на Град Скопје и истиот брои 7 членови.
Во текот на известувачкиот период Управниот одбор има одржано 10 седници.

### Контрола на материјално-финансиското работење

Контролата на материјалното финансиско работење на Јавното претпријатие Лајка Скопје ја врши Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење, кој е формиран со Одлука за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Лајка, со Одлука број 27-11900/7 од 29.12.2021 година, од страна на Совет на Град Скопје и истиот брои 3 члена.

Во текот на известувачкиот период Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење има одржано 5 седници.

Годишниот извештај за работа на ЈП Лајка Скопје за 2024 год.ги содржи сите податоци и показатели во делот на оперативната работа што ние како Јавно претпријатие ги имаме предвидено и реализирано со Програмата за благосотијба и хуман третман на бездомни животни на подрачјето на Град Скопје, како и финансов извештај кој ги дава сите анализи и субанализи за вкупните приходи и вкупни расходи,односно остварената добивка или загуба во 2024 година.

Во продолжение доставени се прегледи на средствата и изворите на средства во ЈП Лајка, со состојба на 31.12.2024 год., во кои спаѓаат:

- Основните средства
- Обртните средства-парични средства и побарувања
- Ситен инвентар
- Капиталот
- Краткорочните обврски
- Работна сила

## ОСНОВНИ СРЕДСТВА

Табела бр.1

| | Набавна вредност | Ак. амортизација | Амортизација 2024 | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|---|
| 011-Градежни објекти | 38.027.670,00 | 13.628.217,00 | 3.805.536,00 | 20.593.917,00 |
| 012-Опрема | 2.220.737,00 | 1.202.685,00 | 475.503,00 | 542.549,00 |
| 013-Транспортни средства | 3.727.594,00 | 2.718.206,00 | 390.420,00 | 618.968,00 |
| 013-Инвентар | 2.712.891,00 | 1.622.867,00 | 419.491,00 | 670.533,00 |
| 019-Пренос од ситен инвентар во основни средства | | | -99.780,00 | |
| 4600-ОТПИС по ПОПИС 2024 | | | -78.787,50 | |
| ***СЕ ВКУПНО 31.12.2024*** | ***46.688.892,00*** | ***19.171.975,00*** | ***4.912.383,50*** | ***22.425.967,00*** |

Вкупната набавна вредност на основните средства на ЈП Лајка на 31.12.2024 год., изнесува 46.688.892 ден., (од кои 38.000.000,00 ден., е донацијата од Градот Скопје за реконструкција на постоечкиот објект во Стационарот Вардариште), акумулираната амортизација на истите, на износ од 19.171.975 ден. на 01.01.2024 год., потоа амортизација на износ од 4.912.383,50 ден., за 2024 год., , и сегашната сметководствена вредност, на износ од 22.425.967 ден. на 31.12.2024 год.

## СИТЕН ИНВЕНТАР

Ситниот инвентар по набавна вредност, на 31.12.2024 год., изнесува 2.168.953,47 ден., табела број 2:

Табела бр.2

| Конто | Опис | Должи | Побарува | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| 3500 | Ситен инвентар на залиха | 70.467,15 | 70.467,15 | 0 |
| 3510 | СИТЕН ИНВЕНТАР ВО УПОТРЕБА | 1.205.053,55 | 484.404,51 | 720.649,04 |
| 3511 | 2020-СИТЕН ИНВЕНТАР | 192.849,63 | 192.849,63 | 0,00 |
| 3550 | авто гуми во употреба | 23.329,00 | 0 | 23.329,00 |
| 3580 | ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТА НА СИТЕН ИНВЕНТАР ВО УПОТРЕБА | 677.254,14 | 1.421.232,18 | -743.978,04 |
| | | | | |
| | | | | |
| | **Вкупно Ситен инвентар 31.12.2024 год.** | **2.168.953,47** | **2.168.953,47** | 0 |

## ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, БЛАГАЈНА и ПОБАРУВАЊА

### III.3 ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Во вкупната актива на Претпријатието, освен основните средства и ситниот инвентар, се и паричните средства на редовната жиро сметката и благајната на ЈП Лајка, кои на 31.12.2024 год., покажуваат вкупна вредност од **105** ден.

Сосотојбата на редовната жиро сметка во Стопанска банка Скопје, на 31.12.2024 год., има салдо од 344 ден., (конто 1000)

Состојбата на наменската жиро сметка во Стопанска банка Скопје, на 31.12.2024 год., изнесува 11 ден. Станува збор за наменска сметка за донации. Конто 10001.

Што се однесува до неискористените парични средства во благајната на ЈП Лајка на 31.12.2024 год., салдото е 94,96 ден., (конто 1021).

Табела бр.3

| Конто | Опис | Должи | Побарува | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| 1000 | ЖИРО СМЕТКА-СТОПАНСКА БАНКА СКОПЈЕ | 46.444.582,00 | 46.444.238,00 | 344,00 |
| 10000 | ВРЕМЕНА ЖИРО СМЕТКА-ОСНОВАЧКИ ВЛОГ ОД ГРАД СКОПЈЕ | 0,00 | 250,00 | -250,00 |
| 10001 | СТОПАНСКА БАНКА НАМЕНСКА СМЕТКА | 11,00 | 0,00 | 11,00 |
| 1021 | ГЛАВНА БЛАГАЈНА | 211.408,96 | 211.314,00 | 94,96 |
| 1030 | ДЕВИЗНА СМЕТКА СТОПАНСКА БАНКА ЕУР | 9,00 | 0,00 | 9,00 |
| 1031 | ДЕВИЗНА СМЕТКА СТОПАНСКА БАНКА ГБП | 3,00 | 0,00 | 3,00 |
| | **ВКУПНО парични средства** | **46.656.013,96** | **46.655.802,00** | **211,96** |

Што се однесува до ненаплатените побарувања, најзначајна категорија се ненаплатените побарувања од општините:

Табела број 4

| Конто | Опис | Должи | Побарува | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| 1200 | ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА | 25.338.920,50 | 25.144.951,00 | 193.969,50 |
| 1201 | ПОБАРУВАЊА ОД ОПШТИНИ | 34.873.392,00 | 13.496.683,00 | 21.376.709,00 |
| 1210 | ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ ВО СТРАНСТВО | 31.791,00 | 0,00 | 31.791,00 |
| 1223 | Дадени аванси за набавка на стоки и услуги (претплати од 2200) | 21.110,00 | 0,00 | 21.110,00 |
| | **Вкупно побарувања (група 12)** | **54.679.338,00** | **30.556.120,00** | **24.123.218,00** |

Во продолжение доставуваме преглед на ненаплатени побарувања за секоја Општина поединечно:

Табела број 5

| р.б. | ОПШТИНИ | салдо од 2023 г. | Долгува | Побарува | Салдо |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | ОПШТИНА АЕРОДРОМ | 1.750.008,00 | 2.000.004,00 | 2.583.335,00 | 1.166.677,00 |
| 6 | ОПШТИНА БУТЕЛ | 4.539.998,00 | 2.000.000,00 | 2.346.667,00 | 4.193.331,00 |
| 8 | ОПШТИНА ЧАИР | 1.499.999,00 | 2.000.004,00 | 1.666.670,00 | 1.833.333,00 |
| 4 | ОПШТИНА ЦЕНТАР | 333.338,00 | 2.000.004,00 | 1.833.337,00 | 500.005,00 |
| 5 | ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 0,00 | 2.000.004,00 | 1.666.670,00 | 333.334,00 |
| 3 | ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 4.000.007,00 | 2.000.004,00 | 2.000.004,00 | 4.000.007,00 |
| 9 | ОПШТИНА КАРПОШ | 5.000.010,00 | 0,00 | 1.000.000,00 | 4.000.010,00 |
| 7 | ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 3.750.008,00 | 2.000.004,00 | 400.000,00 | 5.350.012,00 |
| | | | | | |
| | **Вкупно** | **20.873.368,00** | **14.000.024,00** | **13.496.683,00** | **21.376.709,00** |

Може да се забележи дека само Општина Гази Баба и општина Центар, се редовни плаќачи.

НАПОМЕНА: Општините:

1. Сарај
2. Шуто оризари
3. Карпош

Воопшто немаат потпишано трипартитен договор, и не плаќаат, дедека пак, Општина Кисела вода потпиша договор на 09.03.2022 год., но исплати само 400.000 ден., до 31.12.2024 год.

Вредно е да се напомене дека Општина Чаир потпиша договор во 2023 год., и во 2024 год., уплати 1..666.670 ден. до 31.12.2024 год.

Општина Карпош има префрлено вкупно 1.000.000 ден., на ЈП Лајка, па салдото до 31.12.2024 год., изнесува 4.000.010 ден. (за 2024 год., бидејќи нема потпишано трипартитен договор, нема никакво задолжение за плаќање)

Ако се има предвид фактот дека 10 општини во Град Скопје треба да исплаќаат по 2.000.000 ден. годишно, тогаш состојбата со 31.12.2024 год., покажува дека по основ на потпишани договори износот е 14.000.024 денари, а од тоа префрлени се вкупно 13.496.683 ден. Со ваков прилив на средства како што беше во 2024 год., ликвидноста на ЈП Лајка се одржа на едно солидно ниво, имајќи го во предвид фактот што Град Скопје префрли само 4.000.000 ден. На име средства за

финансиски потешкотии, што е за 11.000.000 ден., помалку во однос на 2023 год., кога приливот по овој основ беше 15.000.000 ден.

Во продолжение даден е преглед на фактуриран и наплатен износ по Општини, во 2023 год.:

Табела 5-1

| Шифра | Назив | 31.12.2023 | Должи | Побарува | Салдо |
|---|---|---|---|---|---|
| 156 | ОПШТИНА АЕРОДРОМ | 4,00 | 2.000.004,00 | 250.000,00 | 1.750.008,00 |
| 157 | ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 2.000.003,00 | 2.000.004,00 | 0,00 | 4.000.007,00 |
| 158 | ОПШТИНА ЦЕНТАР | 333.334,00 | 2.000.004,00 | 2.000.000,00 | 333.338,00 |
| 159 | ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 166.667,00 | 2.000.004,00 | 2.166.660,00 | 11,00 |
| 160 | ОПШТИНА БУТЕЛ | 2.540.005,00 | 2.000.004,00 | 0,00 | 4.540.009,00 |
| 161 | ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 2.000.004,00 | 2.000.004,00 | 250.000,00 | 3.750.008,00 |
| 162 | ОПШТИНА ЧАИР | 0,00 | 2.000.004,00 | 500.001,00 | 1.500.003,00 |
| 163 | ОПШТИНА КАРПОШ | 3.000.006,00 | 2.000.004,00 | 0 | 5.000.010,00 |
| 164 | ОПШТИНА САРАЈ | 0,00 | 0 | 0 | 0,00 |
| 165 | ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ | 0,00 | 0 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | | 10.040.023,00 | 16.000.032,00 | 5.166.661,00 | 20.873.394,00 |

## IV ОБВРСКИ

Во делот на вкупните обврски на ЈП Лајка, на 31.12.2024 год., состојбата е дадена во следната табела:

Табела бр.6

| Конто | Опис | Должи | Побарува | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| 2200 | ДОБАВУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА | 25.367.995,00 | 31.686.866,99 | -6.318.871,99 |
| 2205 | Обврски кон физички лица СТАР УО И НО | 87.996,00 | 215.996,00 | 128.000,00 |
| 2206 | НОВ-УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР | 504.000,00 | 1.512.000,00 | -1.008.000,00 |
| 2308 | ОБВРСКА ЗА ДДВ ЗА ПЛАЌАЊЕ | 3.679.153,00 | 3.965.973,79 | 286.820,79 |
| 2340 | ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК ОД ПЛАТА | 523.322,00 | 568.372,00 | -45.050,00 |
| 2341 | ПИО | 1.820.629,00 | 1.979.807,00 | 159.178,00 |
| 2342 | ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ | 726.311,00 | 789.810,00 | -63.499,00 |
| 2343 | ПРИДОНЕС ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ЗДРАВСТВО 0,5% | 48.415,00 | 52.650,00 | -4.235,00 |
| 2344 | ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ | 116.223,00 | 126.384,00 | 10.161,00 |
| 23500 | ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК-СТАР УО И НАДЗОРЕН ОДБОР | 0,00 | 16.890,00 | -16.890,00 |
| 23501 | ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК-НОВ УО И НАДЗОРЕН ОДБОР | 56.004,00 | 168.018,00 | -112.014,00 |
| 2401 | НЕТО ПЛАТИ | 6.603.412,00 | 7.142.398,00 | 538.986,00 |
| 2620 | ОБВРСКИ ЗА ПРИМЕНИ ПОЗАЈМИЦИ | 0,00 | 2.500.000,00 | -2.500.000,00 |
| 2910 | ЛИЗИНГ-вкупни обврски | 0,00 | 2.615.793,57 | -2.615.793,57 |
| 2940 | ОТСТАПЕНИ СРЕДСТВА-КОМУНАЛНА ХИГИЕНА 29.08.2019 | 1.116,00 | 1.116,00 | 0,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2941 | ДОНАЦИЈА-РЕКОНСТРУКЦИЈА-ГРАД СКОПЈЕ | 3.800.004,00 | 24.391.142,33 | -20.591.138,33 |
| 2942 | ДОНАЦИЈА-котел | 30.996,00 | 124.233,00 | -93.237,00 |
| | **Вкупно обврски (класа 2) на 31.12.2024 год.** | **43.365.576,00** | **77.857.450,68** | **-34.491.874,68** |

Најголем износ во вкупните обврски на ЈП Лајка на 31.12.2024 год., е износот на Обврски спрема добавувачи конто 2200 на износ од 6.318.871,99 ден., како и Позајмицата од ЈП Дрисла на износ од 2.500.000 ден., (конто 2620), потоа Обврските за Отстапените основни средства од ЈП Комунална хигиена на износ од 0,00 ден., и износот на Реконструкцијата на објектот во стационарот Вардариште, донирано од Градот Скопје, на износ од 20.591.138,33 ден.

Во продолжение доставен е преглед за Обврските за набавка на лизинг, специјално возило за заповување на бездомни кучиња (конто 2910), како и вкупно извршени исплати по истиот основ до 31.12.2024 год. (конто 1910):

Табела бр. 6-1:

| Конто | Опис | Должи | Побарува | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| 2910 | ЛИЗИНГ-вкупни обврски | 0,00 | 2.615.793,57 | -2.615.793,57 |
| 1910 | ЛИЗИНГ-извршени плаќања | 2.317.131,48 | 0,00 | 2.317.131,48 |
| - | ***Салдо на 31.12.2024 год. ЛИЗИНГ*** | ***2.317.131,48*** | ***2.615.793,57*** | ***-298.662,09*** |

Од вкупните обврски по ЛИЗИНГ кредитот (конто 2910), на износ од 2.615.794 ден., до 31.12.2024 год., исплатени се вкупно 2.317.132 ден., па салдото на долгот изнесува 298.662 ден.

Во делот на капиталот на ЈП Лајка, состојбата на 31.12.2024 год., е дадена во следната табела:

Табела бр.7

| Опис | Должи | Побарува | Салдо |
|---|---|---|---|
| Основачки влог од Град Скопје | 0 | 153.750 | -153.750 |
| Законски резерви 5% | 0 | 13.061 | -13.061 |
| Акумулирана добивка од 2019 година | 0 | 248.153 | -248.153 |
| Добивка за тековната година-2022 | 0 | 4.774.301 | -4.774.301 |
| Добивка за тековната година-2023 | 0 | 13.206.133 | -13.206.133 |
| Акумулирана загуба од 2020 година | 630.938 | 0 | 630.938 |
| Акумулирана загуба од 2021 година | 2.220.564 | 0 | 2.220.564 |
| Загуба за 2024 год. | 2.708.054 | 0 | 2.708.054 |
| | | | |
| **Вкупно Капитал (класа 9) на 31.12.2024 год.** | **5.559.556** | **18.395.398** | **-12.835.843** |

Основачкиот влог на ЈП Лајка вложен од основачот-Град Скопје, изнесуваа 153.750 ден. Законските резерви 5% од остварената добивка за 2019 год., на износ од 13.061 ден, а Акумулираната добивка за 2019 год., изнесува 248.153 ден. Загубата за 2020 год., изнесува 630.938 ден. Акумулираната загуба за 2021 год., изнесува 2.220.564 ден. Остварената нето добивка за 2023 год. Е на износ од 13.206.133 ден., а нето загубата за 2024 год., е 2.708.054 ден.

Вкупната вредност на капиталот на ЈП Лајка на 31.12.2024 год., е позитивна и изнесува 12.835.843 ден.

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ на 31.12.2024 год.:**

Табела број 8

| | 2024 | 2023 | разлики |
|---|---|---|---|
| ВКУПНИ ПРИХОДИ | 42.767.231,00 | 58.182.811,00 | -15.415.580,00 |
| ВКУПНИ ТРОШОЦИ | 45.475.284,00 | 43.453.328,00 | 2.021.956,00 |
| Данок на добивка | 0,00 | 1.523.350,00 | -1.523.350,00 |
| **НЕТО загуба/добивка** | **-2.708.053,00** | **13.206.133,00** | **-15.914.186,00** |

Во табела број 9, даден е прегледот на вкупните приходи на ЈП Лајка за период од 01.01.2024-31.12.2024 год. Вкупниот износ на приходите е 42.767.231 ден., што е за 15.415.580 ден., помалку во однос на истиот период од 2023 год.

Табела број 9

| | 2024 | 2023 | % на учество | разлики +/- |
|---|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД ОСНОВНАТА ДЕЈНОСТ | 22.731.625,00 | 25.454.350,00 | 53,15 | -2.722.725,00 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ (разлики по попис, курсни разлики и сл.) | 339.080,69 | 330.440,00 | 0,79 | 8.640,69 |
| ПРИХОДИ ОД ПОМОШТИ ЗА потешкотии во работењето-Град Скопје | 4.000.000,00 | 15.000.000,00 | 9,35 | -11.000.000,00 |
| ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ-СРЕДСТВА ОД Комунална хигиена и сл. | 32.116,00 | 38.623,00 | 0,08 | -6.507,00 |
| ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ-РЕКОНСТРУКЦИЈА од Град скопје | 3.800.000,00 | 3.800.000,00 | 8,89 | 0,00 |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ-ОПШТИНИ | 11.864.409,00 | 13.559.398,00 | 27,74 | -1.694.989,00 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **42.767.230,69** | **58.182.811,00** | **100** | **-15.415.580,31** |

Трошоците за период од 01.01.2024-31.12.2024 год., се поделени во неколку групи:

Табела број 10

| | 2024 | 2023 | % на учество | разлики +/- |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 400-409/ВКУПНО Потрошени суровини и материјали | 5.285.686,35 | 5.700.464,00 | 11,62 | -414.777,65 |
| 410-419/ВКУПНО Транспортни и останати материјални услуги | 1.485.309,72 | 1.237.175,00 | 3,27 | 248.134,72 |
| ВКУПНО Бруто плати | 10.283.573,00 | 10.550.143,00 | 22,61 | -266.570,00 |
| ВКУПНО Надоместоци | 5.831.805,00 | 8.004.028,00 | 12,82 | -2.172.223,00 |
| ВКУПНО Трошоци за Амортизација | 4.912.383,00 | 4.908.944,00 | 10,80 | 3.439,00 |
| ВКУПНО Нематеријални трошоци | 3.165.529,46 | 3.168.051,85 | 6,96 | -2.522,39 |
| ВКУПНО времено вработени-Мотиви | 11.261.905,00 | 9.286.265,00 | 24,76 | 1.975.640,00 |
| ВКУПНО Финансиски трошоци | 3.249.092,80 | 598.257,02 | 7,14 | 2.650.835,78 |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ за 2024 год.** | **45.475.284,33** | **43.453.327,87** | **100** | **2.021.956,46** |

Значајно е да се напомене дека во групата на трошоци: "Надоместоци" на износ од 5.831.805 ден., спаѓаат и административните и останати судски такси на износ од 3.842.462 ден., во кои пак, се вклучени и судски извршни предмети по тужби од граѓани каснати од куче на вкупен износ од 3.666.900 ден.:

Табела број 11

| | | 2024 | 2023 | % на учество | разлики +/- |
|---|---|---|---|---|---|
| 422 | Регрес за годишен одмор: К-15 | 531.488,00 | 180.000,00 | 9,11 | 351.488,00 |
| 422 | Отпремнина за пензија | 79.996,00 | 0 | 1,37 | 79.996,00 |
| 440 | Патарина/паркинг | 1.310,00 | 0 | 0,02 | 1.310,00 |
| 441 | Обуки на вработени и тестови за корона | 1.695,00 | 19.000,00 | 0,03 | -17.305,00 |
| 441 | Прегледи на вработени | 22.350,00 | 2.400,00 | 0,38 | 19.950,00 |
| 441 | Надомест за вработен во случај на смрт | 0,00 | 65.657,00 | 0,00 | -65.657,00 |
| 442 | Надоместоци за Управен и Надзорен одбор | 1.008.000,00 | 1.008.000,00 | 17,28 | 0,00 |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 45.427,00 | 10.825,00 | 0,78 | 34.602,00 |
| 445 | Осигурување | 100.299,00 | 49.947,00 | 1,72 | 50.352,00 |
| 446 | Банкарска провизија | 198.778,00 | 266.549,00 | 3,41 | -67.771,00 |
| 447 | Административни и останати судски такси | 3.842.462,00 | 6.401.650,00 | 65,89 | -2.559.188,00 |
| | **Вкупно надоместоци** | **5.831.805,00** | **8.004.028,00** | **100** | **-2.172.223,00** |

Поделени по месеци, за 2024 година како и по разни основи истите се дадени за период од 01.01.2024 год., до 30.06.2024 год., како и за период од 01.07.2024 год., до 31.12.2024 год., во табелите број 12-1 и 12-2

Табела број 12

| | | 2024 | 2023 | % на учество | разлики +/- |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4470 | Персонален данок за физички лица | 0,00 | 3.333,00 | 0,00 | -3.333,00 |
| 44701 | Персонален данок за К-15 | 59.038,00 | 19.998,00 | 1,54 | 39.040,00 |
| 44706 | Персонален данок за УП+НО | 112.008,00 | 112.008,00 | 2,92 | 0,00 |
| 44792 | Останати адм.такси (жалба-Водовод-2023) | 4.516,00 | 54.320,00 | 0,12 | -49.804,00 |
| | *Вкупно останати адм.такси* | *175.562,00* | *189.659,00* | *4,57* | *-14.097,00* |
| 44742 | ТУЖБИ | 3.666.900,00 | 6.211.991,00 | 95,43 | -2.545.091,00 |
| | **Вкупно административни такси и сл.** | **3.842.462,00** | **6.401.650,00** | **100,00** | **-2.559.188,00** |

Табела 12-1

| | | јан.24 | фев.24 | мар.24 | апр.24 | мај.24 | јун.24 | Вк.1-6/24 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | надоместок за обработка на предмет | 3.038,00 | 1.092,00 | 0,00 | 4.899,00 | 3.538,00 | 0,00 | 12.567,00 |
| 2 | извршни дејствија | 21.896,00 | 8.287,00 | 0,00 | 19.090,00 | 21.784,00 | 0,00 | 71.057,00 |
| 3 | реални трошоци | 686,00 | 0,00 | 295,00 | 1.560,00 | 560,50 | 0,00 | 3.101,50 |
| 4 | награда | 12.080,00 | 11.910,00 | 11.237,00 | 45.996,00 | 31.482,00 | 0,00 | 112.705,00 |
| 5 | материјални трошоци | 183,00 | 0,00 | 0,00 | 463,00 | 158,00 | 0,00 | 804,00 |
| 6 | ДДВ 18% | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7 | процесни трошоци | 6.500,00 | 0,00 | 0,00 | 21.039,00 | 0,00 | 0,00 | 27.539,00 |
| 8 | адвокатски трошоци | 28.106,00 | 7.787,00 | 0,00 | 31.070,00 | 33.497,00 | 0,00 | 100.460,00 |
| 9 | парнични трошоци | 96.721,00 | 50.123,00 | 0,00 | 195.455,00 | 211.014,00 | 0,00 | 553.313,00 |
| 10 | главен долг | 167.624,00 | 70.000,00 | 0,00 | 315.000,00 | 230.017,00 | 0,00 | 782.641,00 |
| 11 | камата | 36.139,00 | 17.247,00 | 18,00 | 66.709,00 | 55.459,50 | 14.448,00 | 190.020,50 |
| | ***Вкупно конто 44742*** | ***372.973,00*** | ***166.446,00*** | ***11.550,00*** | ***701.281,00*** | ***587.510,00*** | ***14.448,00*** | ***1.854.208,00*** |
| 12 | ненаплатени | 178.227,00 | 0,00 | -1.156.942,00 | - 395.108,00 | -322.710,00 | -416.659,00 | -2.113.192,00 |
| | **Вкупно ненаплатени** | **178.227,00** | **0,00** | **-1.156.942,00** | **- 395.108,00** | **- 322.710,00** | **-416.659,00** | **-2.113.192,00** |

Може да се забележи дека пораст на овие трошоци се бележи во второто полугодие од 2024 год.:

Табела број 12-2

| | | јул.24 | авг.24 | септ.24 | окт.24 | ноем.24 | дек.24 | Вк.1-12/24 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | надоместок за обработка на предмет | 3.539,00 | 1.088,00 | 1.632,00 | 1.088,00 | 3.266,00 | 5.441,00 | 28.621,00 |
| 2 | извршни дејствија | 19.157,00 | 5.224,00 | 7.618,00 | 13.280,00 | 15.462,00 | 43.157,00 | 174.955,00 |
| 3 | реални трошоци | 183,00 | 0,00 | 360,00 | 183,00 | 649,00 | 626,00 | 5.102,50 |
| 4 | награда | 30.750,00 | 12.888,00 | 16.099,00 | 4.355,00 | 28.608,00 | 34.787,00 | 240.192,00 |
| 5 | материјални трошоци | 220,00 | 0,00 | 236,00 | 118,00 | 118,00 | 722,00 | 2.218,00 |
| 6 | ДДВ 18% | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | процесни трошоци | 0,00 | 39.860,00 | 0,00 | 40.100,00 | 0,00 | 23.500,00 | 130.999,00 |
| 8 | адвокатски трошоци | 23.887,00 | 7.670,00 | 5.590,00 | 20.881,00 | 31.129,00 | 52.870,00 | 242.487,00 |
| 9 | парнични трошоци | 125.932,00 | 0,00 | 62.212,00 | 32.700,00 | 130.379,00 | 292.824,00 | 1.197.360,00 |
| 10 | главен долг | 215.000,00 | 75.000,00 | 130.000,00 | 120.000,00 | 230.500,00 | 413.150,00 | 1.966.291,00 |
| 11 | камата | -18.589,00 | -131.370,00 | 52.471,00 | -224.320,00 | -99.969,00 | -89.569,00 | -321.325,50 |
| | *Вкупно конто 44742* | *400.079,00* | *10.360,00* | *276.218,00* | *8.385,00* | *340.142,00* | *777.508,00* | *3.666.900,00* |
| 12 | ненаплатени | -503.215,00 | -304.543,00 | 0,00 | -1.178.372,00 | -257.739,00 | -1.020.251,00 | -5.377.312,00 |
| | Вкупно ненаплатени | -503.215,00 | -304.543,00 | 0,00 | -1.178.372,00 | -257.739,00 | -1.020.251,00 | -5.377.312,00 |

Значајна категорија во вкупните трошоци се и времено вработените и ангажираните адвокати, дадени во табелата број 13

Табела бр.13

| | | 2024 | 2023 | разлики +/- |
|---|---|---|---|---|
| 449093/449011 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ-МОТИВИ | 11,261,905.00 | 9,286,265.00 | 1,975,640.00 |
| 44905 | Адвокатски услуги | 1,064,880.00 | 1,165,000.00 | 100,120.00 |
| | **Времено вработени преку агенција и адвокатски услуги** | **12,326,785.00** | **10,451,265.00** | **2,075,760.00** |

Во делот на редовно вработените, трошоците за бруто плати состојбата покажува дека за 2024 год., истите изнесуваат 10.283.573 ден., и се речиси идентични во однос на 2023 год.:

Табела број 14

| | | 2024 | 2023 | % на учество | разлики +/- |
|---|---|---|---|---|---|
| 4210 | ВКАЛКУЛИРАНИ НЕТО ПЛАТИ | 6,919,083.00 | 7,022,598.00 | 32.11 | -103,515.00 |
| 4211 | ВКАЛКУЛИРАН ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК ОД ПЛАТИ | 547,952.00 | 571,360.00 | 2.54 | -23,408.00 |
| 4212 | ВКАЛКУЛИРАНИ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ | 2,816,538.00 | 2,956,185.00 | 13.07 | -139,647.00 |
| | Вкупно бруто плати | 10,283,573.00 | 10,550,143.00 | 47.73 | -266,570.00 |
| 449093/449011 | Интелектуални услуги-МОТИВИ | 11,261,905.00 | 9,286,265.00 | 52.27 | 1,975,640.00 |
| | | | | | |
| | **Вкупно трошоци за вработени** | **21,545,478.00** | **19,836,408.00** | **100.00** | **-266,570.00** |

Заради потребите и реализација на Програмата за благосостојба и хуман третман на бездомни животни на подрачјето на Град Скопје, ЈП Лајка на крајот на 2024 година располагаше со вкупен број на вработени од 15 работници кои беа максимално ангажирани во извршување на своите работни обврски и задачи и 19 работници времено ангажирани.

Просечната месечна нето плата по работник за 2024 год. изнесува **38.016,94 ден.** (за просечен број на вработени од 15,1667), а за 2023 година изнесува **33.282,45 ден.** (за просечен број на вработени од 17,58333).

**ПРЕГЛЕД**
**на вработени во ЈП Лајка по образование за 2024 г.**

Табела бр.15

| Организацискаединица / работноместо | Образование | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Д-р | М-р | ВСП | ВШП | ССП | КВ | НК | Вкупно |
| Директор | | | 1 | | | | | 1 |
| СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ | | 1 | 1 | | 2 | | | 4 |
| СЕКТОР ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ | | | 2 | | 8 | | | 10 |
| Вкупно | | 1 | 4 | | 10 | | | 15 |

**ПРЕГЛЕД**
**во ЈП Лајка по полова структура за 2024 г.**

Табела бр.16

| Работноместо | ВКУПНО | | Вкупновработени |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | |
| Именувани | 0 | 1 | 1 |
| Раководни | 1 | 1 | 2 |
| Нераководни | 7 | 5 | 12 |
| Вкупно | 8 | 7 | 15 |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА РАБОТА

Основната дејност на ЈП ЛАЈКА Скопје, која е од посебен јавен интерес, е воспоставување контрола и намалување на бројот на бездомната популација на кучиња на територија на Град Скопје преку хуман третман, т.е. преку масовна кастрација и стерилизација. Значаен сегмент од нашата работа исто така е и да иницираме и поттикнуваме вдомување на бездомните кучиња, како и да работиме на зголемување на јавната свест за одговорно чување на куче, бидејќи основната причина за настанување на овој комунален проблем е ниското ниво на разбирањето на благосостојбата на животните кај граѓаните и недостаток на соодветна законска регулатива и контрола по ова прашање.

Следствено на тоа, по успешната 2023 година од аспект на најголем број на стерилизирани бездомни кучиња на годишно ниво, ЈП ЛАЈКА и оваа, 2024 година продолжи со иста цел - да обезбеди 80% од бездомните кучиња на територијата на Град Скопје да го поминат третманот, со што ќе се спречи нивното понатамошно размножување; со згрижување на агресивните кучиња и со вдомување - со што кучињата трајно се тргаат од улиците.

Во текот на 2024 се фокусиравме на интензивна промоција за подобрување на вдомувањето, како најдобра завршница на хуманиот третман. Преку вдомувањето имаме помалку кучиња вратени на улица и го ослободуваме капацитетот на прифатилиштето што ни овозможува поголема оперативност и ефикасност на терен. За таа цел креиравме и организиравме неколку интензивни кампањи во медиумите и на социјалните мрежи, снимивме видеа со помош на познати личности кои волонтерски се ангажираа и се приклучија во кампањата за чие креирање професионалниот ангажман на сите учесници беше исклучиво на волонтерска база или поддржано од проект.

Креиравме и неколку други иновативни начини за промоција на вдомувањето на нашите/скопските кучиња со волонтерска помош и донации од бројни партнери преку делење на флаери со достава на храна, печатење на постери и сл. На овој начин се обидовме да ја прошириме публиката со цел што поголем број кучиња да си најдат дом, да ја зголемиме видливоста на нашето претпријатие и пред сѐ на нашата работа и да ги актуелизираме вистинските причини за проблемот со големиот број на бездомни кучиња.

Паралелно изготвивме серија на едукативни предавања во повеќе основни училишта на територија на Град Скопје, за да ги подучиме најмладите како одговорно се чува миленик, бидејќи во отсуство на доследно спроведување на законската регулатива и контрола по овие прашања, убедени сме дека едукацијата е од исклучителна важност во превенирањето на проблемот на настанување на бездомни кучиња.

Важно за напоменување е дека во текот на 2024 година се соочивме и со низа проблеми меѓу кои пред сѐ од финансиска природа - претпријатието доби многу мал буџет за работа, дел од скопските општини не го исплаќаа договорниот дел, сметката на претпријатието и оваа година е во континуитет блокирана поради извршни побарувања, што резултира со

нередовно и со големо задоцнување со исплаќање на платите на вработените и на обврските спрема доверителитите. Ваквата финансиска состојба секако дека има влијание врз нашите перформанси. Понатаму во текот на годината во два наврати бевме погодени од вирусно заразно заболување кај кучињата што го забави интензитетот на заловување и третирање на кучиња.

И покрај сите овие предизвици, ЈП Лајка не отстапува од поставените цели и нашата мисија во интерес на безбедноста на граѓаните и благосостојбата на животните.

## 1.Оперативно работење

ЈП ЛАЈКА во своето досегашно работење во 2024 година го задржа обемот на работа во однос на 2023 година, со воведување и на дополнителни активности, а притоа не го зголеми бројот на вработени. Активностите кои ги преземаме, покрај спроведување на Програмата за работа на претпријатието за имплементација на хуманиот третман на животните - Залови, стерилизирај, вакцинирај, врати, ЈП ЛАЈКА активно работи и на едукација за зголемување на јавната свест за благосостојбата на животните, на промовирање на вдомувањето и на одговорното сопственишство. Истите се важни за намалување на изворот на нови единки на улиците, кои главно потекнуваат од неконтролираното размножување на домашните кучиња. Во нивното спроведување повикуваме на активно вклучување на општинските управи, кои според Законот за заштита и благосостојба на животните имаат надлежност за спроведување на истите.

За сите овие бројни активности за зголемување на јавната свест за благосостојбата кај кучињата и за поттикнување на одговорното сопственишство кои ЈП ЛАЈКА ги организираше во 2024 година, не се потрошени финасиски средства од буџетот на претпријатието.

- Во 2024 година според планот продолживме со спроведување на стартешкото заловување. Приоритет дадовме на општините каде имаме зголемено ниво на соработка.
- Водевме електронска евиденција за хуман третман на бездомните кучиња која ги опфаќа сите стадиуми на третман на животното од негов влез во стационарот до неговото излегување.
- Реализиравме состаноци со претставници на здруженија за заштита на животни, со цел унапредување на досегашната соработка и испорака на позначајни и повидливи резултати во најскора иднина. Благодарение на нив се вдомени/трајно тргнати од улиците околу 25% од кучињата што се заловени за третман во ЈП ЛАЈКА и огромен дел од кучињата кои поради пријава за агресија не е возможно да се вратат на локација.
- Адвокатските трошоци се намалени во однос на 2023 година;
- Ветеринарниот тим е зголемен преку стажирање и обучување на постоечките кадри со цел зголемување на обемот на работа.

- Воспоставен е месечен извештај кон јавноста кој се објавува на нашиот ФБ профил и веб страна за поголема транспарентност во работата на претпријатието.
- Општините во град Скопје добиваат редовни извештаи со цел увид во работењето и активностите на претпријатието.

**Споредба во обемот на работа 2021, 2022, 2023 и 2024 година:**

Обемот на работа на ЈП Лајка за изминатата година споредбено со претходните, по Општина, односно за Општините кои имаат договори со ЈП ЛАЈКА, може да се види во табелите во прилог.

**Општина Аеродром**

| Година | Број на пријави (Општина Аеродром) | Степен на постапување по пријава | Број на заловени кучиња (Општина Аеродром) | Број заловени на ниво на град Скопје |
|---|---|---|---|---|
| 2021 цела година | 204 | 100% | 89 | 751 |
| 2022 цела година | 234 | 100% | 88 | 655 |
| 2023 цела година | 103 | 100% | 186 | 1230 |
| 2024 цела година | 96 | 100% | 180 | 1209 |

**Бројот на вдомени кучиња кои се заловени на територијата на Општина Аеродром изнесува 76.**

**Општина Гази Баба**

| Година | Број на пријави (Општина Гази Баба) | Степен на постапување по пријава | Број на заловени кучиња (Општина Гази Баба) | Број заловени на ниво на град Скопје |
|---|---|---|---|---|
| 2021 цела година | 270 | 100% | 263 | 751 |
| 2022 цела година | 235 | 100% | 205 | 655 |
| 2023 цела година | 220 | 100% | 338 | 1230 |
| 2024 цела година | 130 | 100% | 287 | 1209 |

**Бројот на вдомени кучиња кои се заловени на територијата на Општина Гази Баба изнесува 74.**

**Општина Центар**

| Година | Број на пријави (Општина Центар) | Степен на постапување по пријава | Број на заловени кучиња (Општина Центар) | Број заловени на ниво на град Скопје |
|---|---|---|---|---|
| 2021 цела година | 160 | 100% | 57 | 751 |
| 2022 цела година | 139 | 100% | 84 | 655 |
| 2023 цела година | 75 | 100% | 99 | 1230 |
| 2024 цела година | 64 | 100% | 89 | 1209 |

**Бројот на вдомени кучиња кои се заловени на територијата на Општина Центар изнесува 27.**

**Општина Кисела Вода**

| Година | Број на пријави (Општина Кисела Вода) | Степен на постапување по пријава | Број на заловени кучиња (Општина Кисела Вода) | Број заловени на ниво на град Скопје |
|---|---|---|---|---|
| 2021 цела година | 158 | 100% | 74 | 751 |
| 2022 цела година | 176 | 100% | 89 | 655 |
| 2023 цела година | 136 | 100% | 160 | 1230 |
| 2024 за цела година | 83 | 100% | 169 | 1209 |

**Бројот на вдомени кучиња кои се заловени на територијата на Општина Кисела Вода изнесува 28.**

**Општина Ѓорче Петров**

| Година | Број на пријави (Општина Ѓорче Петров) | Степен на постапување по пријава | Број на заловени кучиња (Општина Ѓорче Петров) | Број заловени на ниво на град Скопје |
|---|---|---|---|---|
| 2021 цела година | 119 | 100% | 123 | 751 |
| 2022 цела година | 93 | 100% | 69 | 655 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2023 цела година | 96 | 100% | 138 | 1230 |
| 2024 цела година | 84 | 100% | 155 | 1209 |

**Бројот на вдомени кучиња кои се заловени на територијата на Општина Ѓорче Петров изнесува 35.**

**Општина Бутел**

| Година | Број на пријави (Општина Бутел) | Степен на постапување по пријава | Број на заловени кучиња (Општина Бутел) | Број заловени на ниво на град Скопје |
|---|---|---|---|---|
| 2021 цела година | 110 | 100% | 97 | 751 |
| 2022 цела година | 116 | 100% | 87 | 655 |
| 2023 цела година | 63 | 100% | 138 | 1230 |
| 2024 цела година | 59 | 100% | 127 | 1209 |

**Бројот на вдомени кучиња кои се заловени на територијата на Општина Бутел изнесува 28.**

**Општина Чаир**

| Година | Број на пријави (Општина Чаир) | Степен на постапување по пријава | Број на заловени кучиња (Општина Чаир) | Број заловени на ниво на град Скопје |
|---|---|---|---|---|
| 2021 цела година | / | / | / | 751 |
| 2022 цела година | / | / | / | 655 |
| 2023 цела година | 21 | 100% | 36 | 1230 |
| 2024 цела година | 7 | 100% | 26 | 1209 |

11 кучиња заловени од територијата на општина Чаир се вдомени.

Заловените кучиња, се стерилизирани, вакцинирани против беснило, дехелментизирани, направен е тест за социјализација и видливо се обележани со ушна маркица.

Оние кучиња кои не го поминале тестот за социјализација односно кучињата пријавени по каснување не се враќаат на матичната локација и остануваат во прифатилиштето се до нивното вдомување.

Има кучиња кои се заловени со сопственички чип, истите се вратени на сопствениците или се пријавени во АХВ доколку има усложнување на постапката за превземање на кучето.

Дел од нашата активност е и да дадеме прва помош на повредено куче затекнато на улица, десетици пати сме постапиле во вакви ситуации на територијата на сите општини.

## 2. Организирани активности во периодот наведен во овој извештај:

- Пролетен маскенбал за кучиња на Школка во Градски Парк во кој земаа учество повеќе од 30 заинтересирани граѓани со нивните миленици и кучињата од ЈП ЛАЈКА.
- Отворен ден за вдомување во просториите на ЈП ЛАЈКА кој резултираше со огромна посетеност на поединци и фамилии и неколку вдомени кучиња.
- Реализирани се над 20 гостувања во медиумскиот простор, и над 280 објави на електронски медиуми.
- Воспоставена е пракса за тековно известување на социјалните медиуми и портали за тековните активности на ЈП ЛАЈКА и локации/општини на заловување.
- Овозможено е волонтирање на заинтересирани лица за кои е овозможена основна обука и правила за волонтирање и договор за соработка.
- Во тек е бесплатна неколкумесечна кампања за покренување на свест за вдомување "Вдоми", во која се вклучени десетина естрадни звезди и јавни личности.
- Едукативна кампања во рамките на проектот „Унапредување на благосостојбата на животните преку волонтерство" под покровителство на U.S. Embassy North Macedonia во Скопје, спроведена во 8 скопски општини и преку 20 основни училишта.
- Тековно објавување на каталози со кучиња достапни за вдомување во ЈП ЛАЈКА.
- Во повеќе наврати обезбедена донација во храна и потрошен материјал од кебиња, храна, суплементи и опрема за кучињата од компании, здруженија и поединци.
- Остварена тековна соработка со фирми преку кои граѓаните имаат можност да донираат храна и слично за кучињата во ЈП ЛАЈКА.
- Бесплатна кампања за вдомување - Стани инфлуенсер за кучињата од Лајка, во која беа вклучени граѓаните како и повеќе јавни личности во промоција на кучињата од ЈП Лајка во потрага по нов дом.

- Претпразнична чајанка во прифатилиштето за кучиња Лајка! - предновогодишна забава со децата со атипичен развој, настан на кој присуствуваше и Нејзината екселенција, г-ѓа Анџела П. Агелер, Амбасадорка на Соединетите Американски Држави, која го поддржа ова прекрасно дружење, заедно со високи претставници од амбасадата.

*(Сите организирани активности се осмислени и спроведени со цел да се промовира вдомување наспроти купување и одговорно сопственииштво како клучни фактори за трајно решавање на комуналниот проблем со бездомни кучиња. Сите настани се организирани и спроведени исклучиво со донации и спонзори.).*

## 3. Меѓуинституционална соработка и состаноци со работни групи во периодот наведен во овој извештај:

- Одржан состанок со Агенцијата за храна и ветеринарство, директорот и засегнатите раководители со цел подобрување на годишната наредба за ЗЗЖ.
- Активни учесници во тековни работни состаноци со претставници од Владата и пратеници со цел изработка на нов предлог Закон за заштита и благосостојба на животните.
- Одржани состаноци со општните кои не ги почитуваат договорните обврски.
- Состаноци со претставници на Министерството за внатрешни работи за подобрување на соработката, дискусија за превентивни мерки во однос на дислокацијата на кучиња од страна на општините како неправилен начин на решавање на проблемот, како и превенција на лажните пријавители на каснувања.
- Состаноци со претставници на Американската амбасада во Скопје;
- Состаноци со советници во Градот Скопје;
- Учество во панел дискусија под наслов „Ангажманот на локалната заедница во управување со популацијата на бездомните кучиња" организиран по иницијатива на Ветеринарната Комора.

## 4. Финансии

ЈП ЛАЈКА се соочува со финансиски потешкотии кои го одбележуваат работењето на претпријатието од основањето па се до ден денес.

За разлика од другите претпријатија кои имаат и сопствени извори на приход, ЈП ЛАЈКА е целосно зависна од буџетот доделен од Град Скопје и придонесот од Општините во состав на Град Скопје.

Пошироката јавност е запознаена дека ЛАЈКА има проблем со наплата на договорните обврски на Општините, опишани во потпишаните трипартитни договори, поради што во тек се и ни престојат постапки за присилна наплата.

На месечно ниво имаме огромни побарувања од оштетени граѓани кои влијаат сериозно на капацитетот на ЈП ЛАЈКА да ја спроведува програмата. За 2022 година оштетните побарувања што се исплатени од ЈП ЛАЈКА беа околу 10 милиони денари, за 2023 година оштетните побарувања што беа исплатени се доближија до 7 милиони денари. Во 2024 оштетните побарувања што се исплатени од ЈП ЛАЈКА се 3.683.725 денари.

Освен тоа, дел сме од едни крајно паушални судски постапки, во постапки каде се суди без примена на никаков доказен материјал, во една шема на злоупотреби на јавни пари за приватни интереси, за кои издвоена е посебна точка во овој извештај со конретни податоци, евидентирани недостатоци на постапката, како и наши предлози за решавање на утврдените недостатоци, а се со цел да се избегне злоупотребата на јавни средства, но и да се засили ефикасноста на претпријатието, односно претпријатието да располага со поголем дел од својот буџет кој ќе се користи за основната дејности унапредување на капацитетите. Во меѓувреме сметката на ЈП ЛАЈКА е под постојана блокада од извршители, поради што неретко се соочуваме и со проблем да исплатиме плата на нашите вработени.

Земајќи ги предвид финансиските средства и тековните извршувања, ЈП ЛАЈКА во веќе подолг период нема инвестирано во објектот и средствата од приливите на сметката на претпријатието се искористени единствено за основните потреби за функционирање и оперативно работење.

## 5. Судските постапки и надоместот на оштети

За период од **01.01.2024 до 31.12.2024** во ЈП Лајка пристигнати се **461** тужби по напади и каснувања од кучиња на територија на град Скопје. Најмногу тужби се пристигнати по напади и каснувања на територија на Аеродром односно **96**, потоа општина Кисела Вода **86**, општина Центар со **79**, општина Гази Баба со **65**, општина Ѓорче Петров со **41**, општина Карпош со **40**, општина Бутел со **34**, општина Чаир со **11**, по **3** тужби од општините Шуто Оризари и Сарај, **1** тужба во општина Студеничани, како и **2** тужби во кои не е наведено местото на причинетата штета.

Приказ на добиени тужби по месеци::

- Јануари: 51
- Февруари: 56
- Март: 43
- Април: 43
- Мај: 26
- Јуни: 52
- Јули: 18
- Август: 32
- Септември: 31
- Октомври: 16
- Ноември: 56
- Декември: 37

Вкупно: 461

Приказ на распределени предмети на адвокати кои ја застапуваат ЈП ЛАЈКА:

- Димитар Петровски: 171
- Влатко Илиевски: 186
- Златко Јолески: 104 (важно е да се има во предвид дека договорот е склучен во Април 2024)

Во однос на адвокатите на странките, најчестите се:

- Андоновски и Саздов: **124**
- Богољуб Петровски: **41**
- Маја Саздова: **27**
- Дејан Славковски: **19**

Овој статистички податок речиси се поклопува и со тужбите примени во 2023 година. Притоа, предметите кои ги работат овие адвокати, доминираат тужби по напади пријавени во ПС Аеродром, ПС Ѓорче Петров и ПС Карпош.

Број на примени Налози за извршување: **88.**

Во однос пак на целокупната постапка, која се води како надомест на нематеријална штета по напад или од каснување од бездомно куче, како претпријатие, имаме проблем со: доказите кои се приложуваат во самата постапка и со сомнежите за организиран криминал за кои веќе постојат не само индиции, туку и основни сомневања од наша страна.

Главните докази кои се приложуваат во текот на постапката се Потврдата од полициската станица и медицинската документација. Одредени адвокати односно адвокатски друштва, дополнително на сево ова, приложуваат и вештачење.

Во однос на првиот доказ односно Потврдата од полициската страница, претставува потврда дека одреден настан е пријавен во полициската станица, но полицијата не излегува на терен да ја утврди фактичката состојба односно не изготвува Записник. Со овој документ се потврдува дека таков настан е пријавен, меѓутоа МВР со истата не потврдува дека се случил. Дополнително на ова, не се утврдува локацијата на штетниот настан, односно дали навистина во дадениот час и улица се случил напад односно каснување од куче. Во постапката не се проложува (дополнителен) доказ дека настанот навистина се случил на јавна површина. Ретко во кој предмет постои сведок кој дал изјава во полициската станица. Досега примените тужби, за 2024 година, такви се само два до три предмети. Во ниту еден предмет нема дополнителен доказ, во кој е евидентиран нападот. Со самото тоа, постои можност настанот навистина

да се случил на јавна површина, каде надлежност и ингеренции за постапување има ЈП ЛАЈКА, но постои и можност настанот да се случил на приватна (т.е. сопственичка) површина, па дури и на теротирија надвор од рамките на градот Скопје, каде надлежност има тамошната локална самоуправа, комуналното претпријатие односно, ако општината има склучено договор и друштвото за заловување кучиња (било во форма на ветеринарно друштво или јавно претпријатие).

Понатаму, не се пријавува навремено нападот до ЛАЈКА како надлежно прифатилиште, не се прави идентификација на кучето кое го извршило настанот. Со самото тоа, постои можност и навистина нападот да го извршило бездомно куче, но и можност истото да го извршило куче кое има сопственик, имател или станува збор за бездомно куче кое има маркица од друга општина или држава.

Постапката, технички, е завршена по пријавата во полициска станица, затоа што, со утврдената судска пракса на ниво на цела Република Македонија, за судот се доволни овие докази и секогаш суди во полза на тужителот. Почетно судот за зема изјавата на тужителот, од која потекнуваат останатите докази, по која има за цел да придобие имотно-правна корист.

Понатаму, не се врши утврдување на фактичката состојба која резултирала пред нападот односно дали кучето било или не било провоцирано (нападнато, повредено тепано, удрено или бркано од тужителот). Праксата кај самите адвокати, како наод во тужбата, наведуваат дека граѓанитот, бил нападнат без провокација.

Во дел од предметите, при описот на раната, при вршењето анамнеза, стои и гребаница односно повреда која не ја пробила површината на кожата. Докторот, независно од околностите, не навлегува во вистинитоста на изјавите на пациентот по службена должност мора на пациентот да му ја даде потребна терапија односно вакцината против тетанус. Истото треба да биде наведено во самата аманеза.

Притоа, при самата анамнеза, невозможно е секогаш да се утврди дали повредата настанала како резултат на каснатина од куче, а уште помалку од бездомно. Затоа, како една промена во самата постапка, покрај сликање на повредата по службена должност од страна на докторот кој го врши предлегот, истиот доктор при анамнезата да ја преформулира констатацијата дека "санација на рана како резултат од каснување од бездомно куче" кон тоа "санација на рана за која пациентот тврди дека е резултат од напад од бездомно куче".

Покрај каснувањата, каде во медицинската документација стои описот на раната, граѓаните тужат и по напади од страна на кучиња скитници. Најчесто станува збор за, полесни или потешки, телесни повреди, каде најчесто нема угризна рана предизвикана од куче. Ниту во овие постапки не се испитува причинско-последичната врска односно дали

повредата навистина се случила како резултат од напад на куче или била резултат на небрежност.

Секако, на сево ова мора да се потенцира дека само мал дел од пријавите по каснување пристигнуваат и до ЈП Лајка, по кои се прават работни налози за заловување на кучето кое причинило штета, често пати кучето не може да биде пронајдено на посочената локација односно не секогаш физичките карактеристики на заловеното куче кореспондираат со описот на раната.

Основни сомневања имаме и во делот на барањата поднесени до Комисијата по напади и каснувања на град Скопје и до тужбите доставени до ЈП Лајка, каде пристигнуваат Барања односно тужби од припадници од исто семејство дека биле каснати во ист ден од куче и граѓани кои тужат 3 пати.

Со цел да се сузбијат сите сомнежи и проблематики, предлагаме низа промени, за кои потребен е широк политички консензус. Во одредени општини, како во Битола и Велес, веќе се прават напори да се промени текот на постапката односно, по службена должност, поголеми ингеренции да имаат здравствените и полициските службеници, како и гледаме поактивна улога на јавното обвинителство.

Потребно е, во полициската станица, со секоја пријава по напад и каснување од бездомно куче, со крим техника да се изврши фотографирање и да се даде опис на раните. Понатаму, полицијата да бара податок за приближно точното време на каснувањето и наведување на точната локација се со цел да се изврши проверка со помош на видео снимки од околните објекти или од лицата кои биле на тоа место односно просведочиле на нападот.

Со однос на медицинската документација, потребна е преформулација во самата анамнеза, истата да биде формулиран во форма која ќе претставува мислење на пациентот, а не како став на самиот доктор.

Обвинителство активно да се вклучи во целокупната постапка и да ги истражи основните сомневања дека постои организиран криминал во однос на оштетните побарувања, како и да ги истражи наодите дека вештачењета се прават исклучиво врз база на поднесена медицинска документација, а не врз база на клинички преглед. Воедно, овие адвокатски друштва соработуваат со тесен круг на вештаци чии вештачења се приближно идентични. За сево ова, ЈП Лајка стои на располагање да соработува со сите организации, институции и тела, како и стои на располагање сите потребни документи и извештаи да ги достави со Основното јавно обвинителство со цел покренување на натамошна истрага.

Обвинителство треба да го истражува и секој затекнат обид за дисклокација на кучиња затоа што истите претставуваат опасност во безбедноста и здравјето на граѓаните, но и безбедноста на сообраќајот. Со

оглед на тоа дека полицијата, и да затекне, нема надлежност да постапува при дисклокација на кучиња, односно ако лицето кое врши дислокација ги нема потребните документи за транспорт на кучињата, треба да го повика инспектор на АХВ кој ќе направи записник и по истиот обвинителство ќе отвори обвинителен акт.

Без имплементација на овие мерки, и понатаму ќе следиме штурост на самата постапка за надомест на нематеријална штета предизвикана од напад или каснување од бездомно куче, каде истата ќе заврши на првото рочиште. Напорот е за давање на материјално-правен карактер на постапката односно постапка која нема да се темели само на изјавата на оштетениот, од каде произлегуваат и Записникот и целокупната медицинска документација, туку ќе добие своевидна комплексност и тежина со кои ќе се анулираат сите проблеми и сомнежи дека настаните не се фабрикувани со цел добивање на материјална користи.

При имплементација на сите овие мерки, доказната постапка ќе добие поинаква димензија, судот по автоматизам нема да ги прифаќа тужбите, ќе се воспостави механизам за директна одговорност на неодговорните сопственици кои ќе одговараат за штетата причинета од нивниот миленик, ќе опадне бројката на тужби, а со тоа ќе се олесни финансиската состојба на ЈП Лајка, со што ќе се подобрат и нашите перформанси.

**ЈП ЛАЈКА Скопје**
**ВД ДИРЕКТОР**
Радмила Пешева